**ЈАХЈАОВА Алмира**

**УДК:** 343.61-055.2
364.63-027.553-055.2:341.24(560.118)
343.61-027.553-055.2(497.7)"2017/2021"

# ФЕМИЦИДИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2017 ДО 2021 ГОДИНА

**Апстракт:** Фемицидот, како една од најчестите причини за прерана смрт кај жените на глобално ниво, во најголем број случаи е предизвикан од страна на лице со кое жртвата е или била во партнерски однос. Преку анализата на фемициди во периодот 2017-2021 година ќе ја видиме динамиката на движење на овој криминалитет, мотивот за нивно вршење , односот помеѓу жртвата и сторителот, нивната возраст, методот на убиство и други фактори. Посебен осврт ќе дадеме на тоа колку е голема и важна улогата на медиумите и нивното влијание што го имаат врз нас, односно врз нашите ставови и размислување.

**Клучни зборови:** фемицид, убиство, семејно насилство, анализа на слулаи, национало законодавство, закони, медиуми, жени, фактори.

**JAHJAOVA Almira**

**UDK:** 343.61-055.2
364.63-027.553-055.2:341.24(560.118)
343.61-027.553-055.2(497.7)"2017/2021"

## FEMICIDES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE PERIOD FROM 2017 TO 2021

**Abstract:** Femicide, as one of the most common reasons for premature death of women on global scale. In most cases it is an act done by people who had close relationship to the victim, spouse or family members.With the help of the gathered statistics during the period of 2017-2022, we will see the dynamics of the movement of this criminality, the motive behind it, the relations between the victim and offender, their age, method of the murder etc.

How big and important influence has the media about our way of thinking. Femicide is still unrecognized as a separate criminal act in our Criminal code, although from my viewpoint the priority problem is not the legislative, which by the way in the last few years has been synchronizing with the International Standards, the main problem that we are facing is the implantation which is not infused by the ruling establishment.

**Keywords**: femicide, murder, domestic violence, case analysis, national legislation, laws, media, women, factors.

## ВОВЕД

Фемицид е злосторство од омраза против жените мотивирано од полот на жртвата. Тоа е опширно дефинирано како „намерно убивање на жени и девојки затоа што се жени“, иако дефиницијата варира во зависност од културниот контекст. Феминистичката писателка Дијана Ех Расел беше првата личност во модерната ера која го дефинираше и подоцна го прошири овој термин во 1976 година.

[1] Во 1846 година, терминот бил објавен во Правниот лексикон на Вартон.[2] Друг термин кој се користи е феминицид, од латинскиот збор фемина што означува „женско".

Според дефиницијата на Дијана Расел , фемицидот вклучува убиство на жена од страна на интимен партнер, лезбицид, расен фемицид, сериски фемицид, масовен фемицид, убиство за чест поврзано со фемицид, мираз и многу повеќе.[3] Секој акт на сексуален тероризам што резултира со смрт се смета за фемицид.

Најраспространета форма на фемицид во светот е онаа извршена од интимниот партнер на жената. Партнерот е одговорен за речиси 40% од убиствата во кои е вклучена жена-жртва, во споредба со 6% од убиства кои вклучуваат машка жртва.[4]

**Поим на фемицид**

Под поимот фемицид се подразбира намерно убивање на жени, затоа што се жени. Опширно дефинирано тоа е „намерно убивање на жени и девојки затоа што се жени".

Првата документирана употреба на терминот „фемицид" е во книгата на Џон Кори во 1801, наречена „Сатиричен поглед на Лондон на почетокот на деветанесеттиот век". Но во 1976 година, терминот бил јавно воведен во модерното време од страна на феминистичката пионерка, експертка и активистка, Дијана Расел, на Меѓународниот трибунал за злосторства против жените, со цел да се сврти вниманието на насилството и дискриминацијата врз жените".[5]

Според неа најчесто мажите вршат фемициди поради саксистички[6] причини.

Поширокота дефиниција на Расел за фемицидот е: „Фемицидот е крајниот континуум на анти-женски терор кој вклучува широк опсег на вербална и физичка злоупотреба, како што се силување , тортура, сексуално ропство (особено во проституција ), инцестуозен и вонбрачен секс со деца.физичко и емоционално малтретирање, сексуално вознемирување (телефон, на улица, во канцеларија и во училница), генитално осакатување ( клиторидектомија , ексцизија, инфибулација )), непотребни гинеколошки операции (неразумни хистеректомии ), присилна хетеросексуалност и присилна стерилизација , принудно мајчинство (криминализација на контрацепција и абортус ), психохирургија, одбивање храна на жените во некои култури, естетска хирургија и други осакатувања во име на разубавување. Секогаш кога овие форми на насилство водат до смрт, тие стануваат фемициди. [7]

Дефиницијата исто така вклучува и тајни убиства на жени, како што е масовното убивање на женски доенчиња заради фаворизирање на машки доенчиња во култури како Индија и Кина , и смртни случаи поврзани со неуспехот на социјалните институции како што се

[1] Corradi, Consuelo; Marcuello-Servós, Chaime; Boira, Santiago; Weil, Shalva. 9.july 2016. Theories of femicide and their significance for social research. Current Sociology. 64 (7): 975–995. doi:10.1177/0011392115622256.
[2] The Oxford English Dictionary, 2nd ed. (1989) p. 285.
[3] Russell, Diana E.H. "The Origin and the Importance of the Term Femicide" Dec 2011 www.dianarussell.com, Accessed Mar 2013.
[4] Johnson, Holly; Eriksson, Li; Mazerolle, Paul; Wortley, Richard (7 April 2017). "Intimate Femicide: The Role of Coercive Control" (PDF). Feminist Criminology. 14 (1): 3–23. doi:10.1177/1557085117701574. hdl:10072/340081. ISSN 1557-0851. S2CID 152075981.
[5] The history of term ,,femicid" https://femicideincanada.ca/about/history
[6] Сексизмот е име за идеологија која поаѓа од премисата дека физичките и менталните разлики меѓу половите мора да се рефлектираат во различните позиции на половите во општеството.
[7] Russell, Diana E.H. "The Origin and the Importance of the Term Femicide" Dec 2011 www.dianarussell.com, Accessed Mar 2013.

криминализираниот абортус или широко распространето осакатување на женските гениталии.

Од страна на Обединетите нации фемицидот е дефиниран како „ родова базирано убиство на жени” кое може да има многу форми како: интимно-партнерско убиство, убиство на жени обвинети за вештерство/волшебништво, убиство на жени во име на „честа”, убиство на жени во вооружени конфликти, убиство на жени поради мираз, убиство како резултат на сексуална ориентација итн.

Фемицидот е ултимативен облик на насилство врз жените и девојчињата и има повеќе форми. Причините на овој криминалитет се вкоренети во историските нееднакви односи на моќ меѓу мажите и жените.

## 1. Национално законодавство

Во Република Северна Македонија, кривичните дела против животот и телото се сместени во глава XIV од Кривичниот законик[8]. Македонското законодавство не го препознава терминот фемицид и затоа не го регулира како посебно кривично дело. Она што е дел од кривичниот закон е основаното убиство, член 123, но доколку лишувањето на живот е сторено при вршење на семејно насилство се предвидува потешка казна затвор од минимум 10 години до доживотен затвор, за разлика од основниот облик на кривично дело за кое се предвидува казна од најмалку 5 години. Исто така, со истиот член 123, став 2, точка 6, се предвидува истата казна доколку се лиши од живот женско лице за кое знае дека е бремено или малолетно лице.[9]

Република Северна Македонија ја ратификувала Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени вклучувајќи го и семејното насилство , позната како Истанбулската конвенција, во декември 2017 година, а стапила на сила во јули 2018 година[10]. Во насока на поефективна имплементација на Истанбулската конвенција преку усогласување на националното законодавство со одредбите од овој документ, во октомври 2018 година беше развиен и усвоен од Владата на РСМ, Национален акциски план 2018 – 2023 (НАП). НАП-от ги вклучува сите релевантни институции и ги предвидува сите промени што треба да се направат во трите идентификувани области: легислатива, превенција и заштита.

Од аспект на граѓанско-правната заштита на жртвите на родово базирано насилство, во јануари 2021 година државата го усвои Законот во кои се препознаени сите форми на родово базирано насилство и се предвидува специфична заштита на жртвите на различни форми на насилство преку воспоставување специјализирани сервиси за помош и поддршка.

Подготовка и усвојување на новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство[11] беа предвидени во Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција, а негова главна цел е да го унапред системот за заштита на жените жртви на различни форми на родово базирано насилство.

Новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство иако е граѓански закон и директно не ги регулира убиствата како киривчни дела, неговата важност

---

[8] https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/законик-пречистен-текст.pdf

[9] Е. Димушевска, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство ,,Глас против насилство” – Анализа на случаи на фемициди 2017-2020; стр. 16-17.

[10] Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство, позната и само како Истанбулска конвенција; усвоена од страна на Комитетот на министри на Совет на Европа на 7 април 2011 година, а се отвори за потписи на 11 мај 2011 година во рамки на 121 сесија на Комитетот на министрите при Советот на Европа, одржана во Истанбул, поради што истата го добила и називот „Истанбулска конвенција“.

[11] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

произлегува од фактот дека целосното почитување и спроведување на одредбите ќе придонесе за превенирање на фемицидите.

## 2. Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство – Истанбулска конвенција

Насилството врз жените претставува глобална појава која не познава општествени, економски или национални граници. Иако претставаува сериозно кршење на човековите права, за жал во голема мерка се уште не е санкционирано. Во Европа секој ден жените се изложени на ментално и физичко малтертирање во „безбедноста" на своите домови, прогонувани, силувани, сакатени, присилувани од нивните семејства да стапат во брак или се стерелизирани против своја волја.

Голем е бројот и на жени кои се плашат или се срамат да побараат помош или да зборуваат за она што им се случува во животот. Најчесто срам од општеството и страв од тоа дека нема никој да им поверува, недовербата што ја имаат кон институциите, стравот дека може да биде полошо доколку побараат помош од некого, а и најчесто оние кои ќе проговорат, не секогаш се слушнати.

Делувајќи во рамките на својата водечка улога во заштитата на човековите права, Советот на Европа ја усвоила Конвенцијата за спречување и броба против насилството врз жените и семејно насилство (позната како „Истанбулска конвенција"). Истанбулската конвенција[12] е општоприфатена како најдалекусежен правен инструмент во спречувањето и борбата против насилството врз жените и семејното насилство, како една од формите на кршење на човековите права. Од своето отварање за потпишување во 2011 година, добила значителна поддршка на сите нивоа, државни и регионални, на ниво на локална самоуправа, кај јавноста, парламентите, национални и меѓународни организации за човекови права, граѓански организации, медиуми и академската заедница.

Конвенцијата стапила на сила во 2014 година, три години по нејзиното усвојување, покажувајќи ја потребата земјите-членки да имаат правно обврзувачки меѓународен договор на кој ќе се засноваат напорите за целосно спречување на родово базираното насилство, како и нивната политичка посветеност на принципите и вредностите вградени во конвенцијата.

Истанбулската конвенција од владите кои ја ратификувале, барала да усвојат сеопфатна серија мерки за решавање на сите форми на насилство врз жените и семејното насилство. [13]

Секоја одредба на Конвенцијата има за цел да го спречи насилството, сторителите на насилството да бидат изведени пред лицето на правдата и да се даде подршка и помош на жртвите. Исто така со Коневенцијата се бара различните форми на насилство врз жените, како што се семејното насилство, сексуалното вознемирување, психолошкото... да се квалифицираат како кривични дела и за нив да се предвидад санкции со закон.

Давањето правен термин на насилството врз жените и фактот дека е кривично дело ќе помогне во негово запирање.

Со усвојувањето на Конвенцијата, всушност владите се обврзуваат да ги изменат законите, да воведат практичните мерки и да издвојуваат средства за да усвојат нула толеранција за насилство врз жените и семејното насилство. Спречувањето и борбата против овие видови насилство повеќе не треба е прашање на добра волја, туку законски утврдена обврска.

Покрај законските обврски, Конвенцијата испраќа и важна политичка порака до општеството во целина дека насилството врз жените и семејното насилство е неприфатливо.

[12] https://rm.coe.int/168046253a
[13] https://rm.coe.int/istanbul-convention-questions-and-answers-macedonian/1680983cd7

Целта е да се прикаже реалноста на многу жени и девојчиња кои доживуваат насилство, да се подигне свеста и долгорочно да се промени начинот на размислување на оваа тема.

Во Конвенцијата се зборува за „родово специфичната” природа на насилството на жени или „родово засновано насилство”, бидејќи се осврнува на формите на насилство упатено кон жените заради тоа што се жени или несразмерно ги погодуваат жените. Токму и тоа е причината зошто насилството врз жените и семејното насилство не можат да се решаваат без да се земат предвид прашањата на родовата рамноправност.

Оттаму, искоренувањето на насилството врз жените и семејното насилство Конвенцијата го става во контекст на постигнување, de jure и de facto, на родова еднаквост. Во Преамбулата на Конвенцијата е препознаена структурната природа на таквото насилство, што е и причина и последица на нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите и што го ограничува целосниот напредок на жените.

Истанбулската конвенција не настојува да се „укинат разликите“ меѓу жените и мажите, ниту, пак, подразбира дека жените и мажите се или би требало да бидат „исти“. Она што Конвенцијата го бара се активности за потиснување на идејата дека жените се инфериорни во однос на мажите. Предрасудите, стереотипите, обичаите и традициите продолжуваат да ги фаворизираат мажите во многу сфери, на пример во приватната и јавната сфера, политичкиот живот, на работа, во образовниот систем, во пријавувањето на злосторства во полиција или на суд. Сето ова дополнително им отежнува на жените да излезат во јавност и да проговорат за своите искуства со насилството и го отежнува почитувањето на нивните права.

Образованието што децата го добиваат во голема мера влијае на начинот на кој размислуваат за себе, за своите врсници и на начинот на кој се однесуваат кон другиот пол. Ништо од она што се учи во образовните институции не би смеело да води кон тоа младите генерации да веруваат дека родовата дискриминација и насилството врз жените се прифатливи.

Затоа, Истанбулската конвенција има за цел, преку образовниот сектор, да ги промовира вредностите на родовата еднаквост, заемното почитување и ненасилството во меѓучовечките односи, нестереотипните родови улоги, правото на личен интегритет и свесноста за родово базираното насилство и потребата да се бориме против него (член 14). Едукацијата на децата за овие вредности ќе им помогне да станат демократски граѓани кои знаат да почитуваат.

Авторите на Конвенцијата сметаат дека ова е важен аспект во спречувањето нанасилството врз жените, бидејќи ставовите, уверувањата и начините на однесување се обликуваат многу рано во животот. Едукацијата на гореспоменатите вредности во формалното образование, но и неформалното образовно опкружување може во голема мера да помогне кон тоа насилството врз жените да стане неприфатливо. Според членот 14, потписнички на оваа Конвенција, имаат максимална флексибилност т.е. самостојно одлучуваат кога и како да ја понудат таквата едукација.

Истанбулската конвенција веќе покажала позитивно влијание врз животот на жените низ цела Европа. Барањето до владите да го спречат насилството врз жените, да ги заштитат и поддржуваат жртвите и да ги казнуваат сторителите во сеопфатен обид да се стави крај на овој вид насилство, значи враќање на достоинството на жените-жртви.

- Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција

Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција (НАП) ги дефинира активностите, одговорните институции, индикатори и временската рамка за усогласување на одредбите на Конвенцијата со националното законодавство за периодот 2018-2023. Усвоениот Национален акциски план има три основни цели и тоа: усогласување на законската рамка со одредбите на Конвенцијата, воспоставување општи и

специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство и спроведување на активности за превенција од родово базирано насилство и семејно насилство.

Воспоставување општи и специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство. Земајќи го предвид фактот дека жртвите на насилство имаат потреба од соодветна и специјализирана помош и поддршка за да ги надминат последиците од насилството, во овој дел се предвидува воспоставување на сервиси за помош и поддршка кои ќе бидат достапни и пристапни за сите ранливи категории на жртви, и соодветно адаптирани за различните форми на родово базирано насилство. Конвенцијата дополнително става акцент и предвидува обезбедување на финансиски средства за овие сервиси од Буџетот на државата, а во насока на обезбедување на нивна одржливост и квалитет на дадената поддршка.

Усогласувањето на законската рамка со одредбите на Конвенцијата. Во периодот на подготовка за развивање на НАП-от,било направено анализа на постоечката законска регулатива и биле идентификувани законите во кои се регулирало одредена форма на насилство или услуга од значење на жртвите на насилство. Било направена и листа на закони кои ќе треба да се изменат и дополнат, или ќе е потребна нивна целосна изработка, со цел да се исполнат препораките на Истанбулската конвенција. Предвид се земаат принципите на превенција, заштита, процесирање и санкционирање на насилството.

Спроведување активности за превенција од родово-базирано насилство и семејно насилство. Фокусот во оваа цел е ставен на елиминирање на предрасудите, обичаите и традиционалното сфаќање за инфериорноста на жените во однос на мажите, преку спроведување на национални медиумски кампањи за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги, спроведување на основни обуки за професионалци кои дејствуваат во различни области (наставници и стручни соработници/чки од основно и од средно училиште, воспитувачи/ки и негуватели/ки, претставници на локалните тела за еднакви можности на ЕЛС, медиумските работници и стручните здруженија на новинари), ревидирање на наставните планови и програми со цел отстранување на содржините кои ја охрабруваат родовата нееднаквост и насилството, а воведување информации за ненасилно однесување, разбирање на родовата рамноправност, мирно решавање конфликти во основното, средното и високото образование.

Како дел од превенцијата, предвидено е и зголемување на улогата на Народниот Правобранител во следењето на фемицидите – убиства на жени, односно воспоставување на femicide watch механизам.

## 3. Анализи на случаи на фемицид – убиства на жени во Република Северна Македонија во периодот 2017-2021

За подобро запознавање со состојбата на фемициди во РСМ, ќе ја обработиме анализата која е направена од страна на Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство „Глас против насилство" која го опфаќа периодот од 2017- 2020 година.

Резултатите од спроведената анализа, кои ќе ги прикажеме подолу во трудот, покажале дека фемицидите, односно родово базираните убиства на жени од страна на мажи се „скриена пандемија" која ја загрозува безбедноста на голем број жени и девојки. Од вкупно 27 убиства, 23 се квалификувани како фемициди, со оглед на тоа што сторителите се сегашни или поранешни партнери или други членови од семејството на жртвата.

Следниот чекор било подготовка и испраќање барања за увид во судски предмети до сите судови со проширена надлежност каде што било идентификувано дека се случило убиство на жена во перидот од 2017 до 2020 година. Барања за увид било испратено и до Јавните обвинителства за увид во предметите каде што сторителот се самоубил откако го извршил убиството.

Биле спроведени увиди и анализирани 16 предмети на убиства на жени, од кои 14 може да бидат квалификувани како фемициди. При обработката на добиените податоци предвид биле земени возраст и пол на жртва и сторител, работна ангажираност на жртва и сторител, вид односи помеѓу жртвата и сторителот, вид на попреченост (доколку постои) кај жртва и сторител, постоење насилство, метод на убиство, дали огненото оружје било регистрирано, дали постои дозвола за користење, дали дозволата е за приватни или службени цели (ако е за службени за која институција е одобрено), место на случување на убиството, мотив за убиството, дали имало други жртви или сведоци, психичка состојба на сторителот, член од Кривичен закон според кој е квалификувано делото/поднесено обвинение, времетраење на судската постапка.[14]\




При правење процена за едно убиство дали може да се квалификува како фемицид, се земаат предвид три критериуми што произлегуваат од погоре преставените дефиниции за фемицид. Првиот основен критерум е жртвата да е жена, а убиството да е извршено од интимен партнер, поранешен или сегашен, без разлика дали живеат или живееле во исто домаќинство, или од друг машки член на семејството. Вториот критериум е мотивот за убиство – дали жртвата била главна цел на сторителот. И третиот е дали убиството ќе се случело ако се исти околностите, а се променат улогите – жртвата да биде сторител.[15]

Првиот основен критерум е **жртвата да е жена**, а убиството да е извршено од **интимен партнер, поранешен или сегашен**, без разлика дали живеат или живееле во исто домаќинство, или од друг машки член на семејството. Вториот критериум е **мотивот за убиство – дали жртвата била главна цел на сторителот**. И третиот е дали убиството ќе се случело ако се исти околностите, а се променат улогите – жрвата да биде сторител.\

[14] Е. Димушевска, Национална мрежа против насилтво врз жени и семејно насилство, Анализа на случаи на фемициди, Убиства на жени во РСМ, стр. 18-20.
[15] Елена Димушевска, Анализа на случаи на фемицид, Убиства на жени во Република Северна Македонија, Скопје, септември 2021, стр 17.




Жртвите најчесто биле изложени на психичко насилство. Психичко насилство, е секое дејствие кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и интегритетот на жртвата. Психичко насилство се заканувањето, навредувањето, прекумерна контрола, исмевањето, изнудувањето, принудувањето, прекумерна љубомора, замолчувањето итн. Последиците од психичкото насилство можат да бидат подолготрајни од оние на физичкото. Најчести последици се емоционални нарушувања на психичкото здравје на жртвата на семејното насилство, како и постојани психички маки и страдања на жртвата. Долготрајната изложеност на овој тип на насилство може да создаде ниско самопочитување на жртвата, напнатост, зависност, депресија, агресивност, суицидални намери итн.

Во однос на местото на случување, убиствата најчесто се извршуваат во семејниот дом каде жртвата и сторителот живеат заедно каде што жртвата треба да се чувствува сигурно , а доколку била отпочната постапка за развод на бракот во домот на родителите или новиот дом на жртвата.

**Табела 7: Односи помеѓу жртвите и сторителите**

| Видови односи | |
|---|---|
| **Сопружници** | 5 |
| **Вонбрачни партнери** | 3 |
| **Интимни партнери** | 1 |
| **Поранешни сопружници/партнери** | 1 |
| **Син/мајка** | 1 |
| **Внук/баба** | 2 |
| **Други членови на семејството/роднини** | 1 |

Најголем број убиства се извршени со нож, при што на жртвите им биле нанесени повеќе смртоносни убоди. При вршење на убиствата, во 3 случаи сторителот употребил повеќе методи за да ја постигне крајната цел – лишување од животот на жртвата. Промена на методот на убиство се случувала кога првично употребениот метод не бил успешен, па сторителите

продолжувале со тоа што им било најдостапно – сопствената физичка сила (давење, удари со клоци, боксови).

**Табела 8: Метод на убиство**

| Удар со тап предмет (метален боксирач, сукало) | 2 |
|---|---|
| **Убодни рани со нож** | 5 |
| **Удар со тупаници/клоци** | 1 |
| **Огнено оружје-пиштол** | 3 |
| **Давење** | 4 |
| **Удари со секира** | |
| **Ја запалил жива** | 1 |

Во 2 од трите случаи каде што било искористено огнено оружје - пиштол за извршување на кривичното дело – убиство, истото било регистрирано, а сторителите поседувале дозвола за користење за приватни цели. Сторителот што го извршил убиството со нерегистрирано оружје, покрај за ова кривично дело, бил гонет и за неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материјали согласно член 396 од Кривичниот законик[16].

Како најчести мотиви се јавуваат конфликтни односи помеѓу сторителот и жртвата кои се во интимна партнерска врска, независно дали е брачна или вонбрачна, кои може да бидат и од финансиска природа. Имено, во 3 од случаите убиството се случило откако жртвата одбила да му даде пари на сторителот. Убиството е крајна последица од економското насилство што му претходело.

Зависноста од алхолол и опијати се јавува како придружен мотив, најчесто во комбинација со конфликнти односи или психичко растројство.

Во однос на психичката состојба на сторителите, во 7 случаи било забележано постоење на некаков тип растројство, кое било претходно дијагностицирано. Се работи за психотични и параноидни растројства во различен стадиум за кои е потребен долгогодишен третман. Скоро за сите обвинети за вршење кривично дело убиство, судот побарал психијатриско вештачење за психичката состоја на сторителот и пресметливоста во моментот на убиството.

Од спроведената анализа и реултатите може да заклучиме дека формите што му претходат на убиството најчесто е физичкото насилство. Иако повеќето жртви неколкупати го пријавиле насилството ниту биле слушнати, ниту ја добиле потребната помош. Сето тоа кон води кон крајната цел на сторителот, а тоа е убивање на жртвата- фемицид.

Од резултатите можеме да забележиме дека најчесто сторител е партнерот или поранешниот партнер на жртвата, со кој живеат заедно во ист дом, каде што заклучуваме дека жените се најнесигурни во нивните домови.

## 4. Медиумското претставување на случаите на фемициди во Република Северна Македонија

Влијанието на медиумите во денешно време е до тој степен значително што тие, во голема мера, ги обликуваат јавните перцепции и личните уверувања, а влијаат дури и врз перцепцијата на луѓето за самите себеси. Не би било погрешно и да се каже дека тие се многу повеќе од извор на информации и дека се „креатори на реалноста“.

[16] https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/законик-пречистен-текст.pdf

Медиумите имаат мошне важна улога во отворањето дебата со цел јавноста подобро да се информира и да се објаснат начините за надминување на родовите стереотипи. Во овој процес, важна улога имаат и новинарските и медиумските здруженија.

И покрај тоа што ова прашање честопати се запоставува, медиумите имаат значителна улога во обезбедувањето на голем дел од ресурсите што ги користиме во размислувањата за родот и темите поврзани со родот: за она што значи да се биде жена или маж, за родовите улоги во јавната и приватната сфера, сексуалноста, родителството и за она што сметаме дека е (или не е) природно, нормално, прифатливо, пожелно и возможно во однос на овие аспекти од нашите животи.

Според тоа, од медиумите се очекува да бидат едуцирани и сензибилизирани да известуваат за родовите прашања и родово базираното насилство на непристрасен начин, со избегнување на виктимизација и стигматизација на жените и жртвите на насилство. Во контекст на оваа улога на медиумите, од уредниците и новинарите се очекува да бидат запознати со законските норми и етичките стандарди во однос на родовата еднаквост, со цел соодветно да ги применат во својата работа.

Во спротивно, медиумите ќе придонесат за зајакнување на стереотипите, предрасудите и креирање погрешна слика за корените на родово базираното насилство, каде што доминираат наративи во кои причината за насилството се бара во жртвата, а не во сторителот или во непостапувањето на институциите. Наративот во кој се бара оправдување за сторителот, претставувајќи го како одговорен, вреден, мирен човек, кој бил почитуван од соседите, ја насочува публиката кон барање вина и одговорност од жртвата.

Сите медиумски известувања се речиси исти, многу често со текст што комплетно соодветствува со текстот од дневниот билтен на МВР. Во сите известувања недостасува осврт на убиството како форма на родово базирано насилство, комплексноста на насилството како појава и општествен проблем, неговите причини и последици, како и објаснување на терминот фемицид.

Она што е забележително е променетиот наратив што се користисти во сензационалистичкото известување, особено при креирање на насловите во стил „љубовна драма“, „семејна драма“ чија основна цел е да го привлечат читателот да го отвори линкот, иако во самиот текст нема многу информации за самиот настан.

Исто така, голем број наслови на медиумските известувања за убиства на жени го вклучуваат начинот на извршување на убиството, како и односот на жртвата и сторителот:
Известувањето за родово базираното насилство секогаш било предизвик за медиумите, особено поради тишината која го обвива овој негативен феномен кој има пандемски размери. Но медиумите имаат клучна улога во прекинување на оваа тишина и тоа не само во подигнување на свеста за постоењето на различни форми на родово базирано насилство, туку и во борбата против застарените ставови и митови кои се присутни и поврзани со ова прашање. Во тој поглед, особено значајно е пренесувањето на позитивни приказни на жени кои успеале да се изборат, да ја напуштат насилната средина и да отпочнат нов живот.

## ЗАКЛУЧОК

Како заклучни согледувања, може да заклучиме дека фемицидиот е причина за прерана смрт кај жените на глобално ниво, а во најголем број случаи е извршен од страна на партнерот, семејството и во нивниот дом, каде треба да се чувствуваат најбезбедни

Сите ние треба да посветиме повеќе внимание и на причините, а не само на последиците од семејното насилство. Една од причините за фемициди е пристапот до огнено оружје на сторителите.

Според мене неопходна и главна препорака би била измената и дополнувањето на Кривичниот законик преку предвидување на фемицидот како посебно кривично дело, или дополнување на отежителни околности при квалификација на основното убиство со попрецизно дефинирање на родово базираното насилство, по примерт на европските земи.

Исто така кај мал процент од анализираните случаи насилството било пријавено во полиција и центар за социјална работа што укажува на недовербата на жртвите кон институциите и постоечкиот систем за заштита. За постоење на насилство сведочат роднините и пријателите кои го потврдуваат постоењето на страв кај жртвата да пријави поради недоверба во институциите.

Потребно е и промена на ставот на поголемиот број на луѓе која е улогата на жената во општеството, насилствотот треба и мора да биде пријавено, не смееме да молчиме и да ги прикриваме насилствата кои се случуваат насекаде окулу нас, молчејќи ги само охрабруваме насилниците.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

http://maclc.mk/Revii/2013/Nikolina_Kening.pdf);

https://360stepeni.mk

https://www.dianarussell.com/origin_of_femicide.html

Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Македонија 2018 – 2023.

Досон, Мирна; Гартнер, Розмари. 24 јули 2016. Разлики во карактеристиките на интимните фемициди. Студии за убиства.

Државен завод за статистика РСМ.

Еберт Штифтунг, Скопје.

Кениг Н. (2013), Известување за семејното насилство во

клише, традиција или демократско право?!, Фондација Фридрих.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени, вклучувајки го и домашното насилство (Истанбулска конвенција) .

Корубин Н., Тричковски Б., Костовски Љ. (2014), Портретирање.

Крвичен законик на РСМ.

Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2018: Превенција, идентификација, пријавување и упатување во случаи на насилство врз деца – Преглед на националните механизми за одговор.

Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство.

Новинска агенција „Мета.мк".

ПРИРАЧНИК – За примена на Факултативниот протокол на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, Хелсиншки комитет за човекови права, 2019.

Хелснишки комитет за човекови права.